Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,одржана на 23 март 2023 година**

**Скопје, март 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 март 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 17:35 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа членовите на ВладатаСлавјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство,м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и м-р Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии и д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестициии членовите на Владатад-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансиим-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министерза земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Кадровски прашања

2. Прашања и предлози

*

*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување државен правобранител на Република Северна Македонија.

**Точка 2**

Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за Академија за судии и јавни обвинители, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо бр.40-8147/3 од 17 август 2021 година.

*

*       *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:40 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**